Коалиција „Сите за правично судење“

# Економичноста на постапката не смее да биде на сметка на јавноста и транспарентноста

Декември, 2022

**Издавач:**
Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**
Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

**Економичноста на постапката не смее да биде на сметка на јавноста и транспарентноста**

Коалиција „Сите за правично судење“ како граѓанска организација која во изминатите 19 години редовно ги следи судските постапки во судовите во Република Северна Македонија ја истакнува својата загриженост за начинот на одржување на судењата во новата судница, отворена во рамки на КПУ Идризово како дел од Основниот кривичен суд, а во поглед на јавноста на постапките кои се одржуваат во оваа судница.

Судницата во КПУ Идризово беше отворена на 30.11.2022 година, и според претставниците на правосудните институции, целта на оваа судница е да се намалат трошоците за транспорт на обвинетите лица, како и да се овозможи поголема безбедност на инволвираните во судските процеси, а со тоа и да се обезбедат поефикасни судски процеси.[1] По нејзиното свечено отворање, на 14.12.2022 година, Основниот кривичен суд Скопје на својата веб страна објави известување дека е одржано првото рочиште во судницата во Идризово за предмет каде обвинети се 4 лица за кривично дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“.

Најнапред мораме да потенцираме дека начелото на јавност во постапката е едно од основните начела врз кои се заснова секоја демократска кривична постапка и како такво е составен дел од правото на фер и правично судење. Поради тоа, начелото на јавност на главната расправа и на објавувањето на пресудата е подигнато на ранг на уставен принцип.[2] Начелото на јавност од поширок аспект опфаќа неколку критериуми кои треба да бидат запазени во текот на постапката за целосно да биде исполнето ова начело согласно демократските принципи. Во оваа насока и Европскиот суд за човекови права во своја пресуда Рипан против Австрија констатира дека едно судење е во склад со барањето за јавност ако јавноста може да добие информации за времето и местото на неговото одржување и ако тоа место е лесно достапно.[3] Во оваа смисла, одржувањето на судење во затворска установа не мора да значи дека судењето не е јавно, меѓутоа за да се надминат пречките поврзани со одржување на судење надвор од регуларна судница, државата е обврзана да преземе компензаторни мерки за да ја обезбеди јавноста и медиумите, истите да бидат соодветно информирани и да им биде одобрен ефективен пристап.[4] Согласно ова, Коалицијата како активен набљудувач на судските постапки истакнува загриженост поради тоа што во конкретниот случај јавноста не беше известена претходно за одржувањето на судењето, а на веб страната на Основниот кривичен суд беше објавено соопштение откако беше завршено судењето.[5] Воедно, во календарот на судења на официјалната веб страна на судот, која е единствен начин преку кој јавноста може да добие информација за времето и местото на одржување на судењата, може да се забележи дека сите закажани судења се одвиваат во зградата на Основниот кривичен суд Скопје, вклучително и судења на судијата кој постапувал по предметот во судницата во КПУ Идризово.



[1] https://www.pravda.gov.mk/vest/6453

[2] Калајџиев Г., Лажетиќ Г., Неделкова Л., Денковска М., Тромбева М., Витларов Т., Јанкуловска П., Кадиев Д., Коментар на Законот за кривичната постапка, ОБСЕ, Скопје, 2018 година

[3] Рипан против Австрија [Riepan v. Austria], пресуда од 14 ноември 2000 година, бр.35115/97

[4] Ibid.

[5] https://bit.ly/3uVogIG

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

Посебен аспект на начелото на јавност, што и Европскиот суд за човекови права го издвојува како релевантен е и тоа местото на одржување на судењето да биде лесно достапно. Оттаму, се поставува прашањето, дали навистина е лесен пристапот до судницата која се наоѓа во Идризово, со оглед дека истата се наоѓа во околината на градот Скопје, а што е уште поважно, не постојат јавно достапни податоци за тоа каде точно се наоѓа оваа судница, освен тоа дека истата е сместена во КПУ Идризово? Во оваа насока е неспорно дека судот може да отстапи од начелото на јавност поради определени законски предвидени причини, вклучително и безбедноста на учесниците во постапката, но битно е да се напомене дека „кои било безбедносни мерки треба да бидат потесно прилагодени и да бидат во склад со начелото на сразмерност, откако ќе бидат разгледани сите можни алтернативи за да се осигура безбедноста и сигурноста во судницата.“[6] Сепак, со оглед дека оваа судница е целосно дигитализирана, Судот треба да ја предвиди и воспостави можноста овие судења да се емитуваат преку дигитални алатки (стриминг во живо и сл.) на кој начин би се овозможило следење на судењето од страна на заинтересираната јавност, а со тоа и почитување на начелото на јавно судење како составен дел од правото на фер и правично судење.

Конечно, би сакале да се осврнеме и на тоа што една од целите која треба да се постигне со судницата, што беше акцентирана при отворањето и пуштањето во употреба на истата, е тоа што со одржување на судењата во оваа судница ќе се намалат трошоците за спровод на обвинетите лица кои се наоѓаат во притвор.[7] Меѓутоа, за да може да се одржи едно рочиште во оваа судница, потребно е судијата, поротниците, записничар, ИТ службеник и друг административен кадар на судот, јавниот обвинител, адвокатите, сведоците и другите учесници во постапката да пристапат до судницата. Имајќи го ова предвид намалувањето на трошоците на постапката со одржување на судењата во оваа судница може да биде оправдано и за очекување само во случај кога во судскиот предмет обвинети се повеќе лица за кои е потребно да бидат спроведени согласно посебни безбедносни протоколи, како на пример случајот од пракса со судскиот предмет „Диво населе“, и само кога овие лица се наоѓаат во КПУ Идризово, бидејќи во спротивно не е јасно колкава би била заштедата ако овие лица се транспортираат од некоја друга КПУ до КПУ Идризово наместо до зградата на Основниот кривичен суд Скопје.

**Оттаму, Коалицијата упатува апел за внимателно постапување и целосно почитување на начелото на јавност на кривичните судски постапки преку навремено и прецизно известување за времето и местото на одржувањето на судските рочишта, како и одржување на судењата во достапни простории, а со цел јавноста да биде навремено информирана и присутна на судењата. Во спротивно, судовите мора да се обидат да најдат алтернативни начини на кои би ја информирале јавноста за текот на постапката, како што е јавно објавување на записниците од рочиштата, или пак на аудио-визуелните снимки од текот на судењето со цел да се обезбеди уставно загарантираното право на јавно судење.**



[6] Крестовскиј против Русија [Krestovskiy v. Russia], пресуда од 28 октомври 2010, бр. 14040/03

[7] https://bit.ly/3uVogIG

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

КОАЛИЦИЈА KOALICIONI KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE